# LIABILITY OF THE PROVIDERS AS INTERMEDIARIES OF E-COMMERCE SERVICES IN TERMS OF TRADEMARK INFRINGEMENT

- утврдување на најефикасните средства за заштитата на правата од интелектуална сопственост е од најголемо значење за успехот на внатрешниот пазар, што доведе до усвојување на Директивата 2004/48 / ЕЗ на Европскиот парламент.

- утврдувањето на материјалните права на интелектуалната сопственост сами по себе не се доволни за да се обезбеде дефинирана цел на еднакво ниво на заштита.

- во голем дел од земјите и покрај имплементацијата на Директивата од 2004/48, постојат дилеми за каков посредник се работи (давател на услуги) односно, кој без оглед на неговата одговорност може да биде предмет на посебна мерка за заштита на интелектуалната сопственост.

- се со цел за ефикасно  остварување на своите права, носителите на истите треба да имаат можност да бараат одговорност не само против они кои ја сториле повредата туку е против посредникот чии услуги третите лица ги користат се со цел за повреда на овие права
- *Во пракса пред се се поставило прашањето кои лица можат да бидат опфатени со поимот посредник со оглед дека прометот на стоки и услуги се одвива и на стварниот и на дигиталниот пазар?*

- Во случајот бр. 324/09, пред Европскиот суд за правда е поставено прашање дали членот 11 од Директивата 2004/48 уредува дека државите членки му овозможуваат на носителот на правата од интелектуалната сопственост да бара правна заштита против провајдерот (давателот на услуга) на дигиталниот пазар на кој се повредени неговите права и кога станува збор за идна повреда.

- Суштината на прашањето е дали со оваaa оодредба на Директивата државите се обврзуваат да гарантираат дека посредникот може да биде принуден, независно од сопствената одговорност не само да превзема мерка против корисникот на неговите услуги или и да превземе мерка со цел да се спречат идните повреди.

- Евроскиот суд смета дека при одговор на ова прашање мора да се земе во предвид целта на Директиват 2004/48 а по која државите членки се обврзани да осигураат ефективна заштита на правата од интелектуалната сопственост. (Во сличен контекст е и пресудата Cartier од 2014 година од страна на второстепениот суд во Ангија и Велс).

- Праксата покажува дека националните судови имаат право да воведат мерки против посредниците (давателите на интернет услуги), кои им наложуваат на корисниците на виртуелен пазар, не само прекин на повредите предизвикани од виртуелниот пазар, туку и за ефикасно спречување на нови повреди.

- Мерките што земјите-членки мораат да ги преземат според чл. 11, трета реченица од Директивата 2004/48 / ЕЗ, како и условите потребни за самата постапка се предмет на национални законски одредби. Притоа, овие национални правила во секој случај мора да бидат уредени на таков начин што ќе ја постигнат целта на Директивата 2004/48 / ЕЗ.

- Со цел да се обезбеди гаранција на делотворното правно средство према лицата кои он-лине ги користат услугите со цел за повреда на права од интелектуална сопственост, на посредникот може да му биде наложено преземање на мерки со кои се олеснува идентификувањето на корисникот кој настапува како продавач.